

Заврши тридневната Вардарска Регата Гемиџии со пристигнувањето на учесниците во Гевгелија. Пред крајот се случи инцидент во кој се преврте дрвениот сплав Гемија во кој беа велешкиот градоначалник Горан Петров и претседателот на Советот Славчо Чадиев. Причина за превртувањето на сплавот беа шини од стар срушен мост.

На целта  на учесниците во Вардарската регата и на својот велешки колега градоначалникот Горан Петров добредојде  им посака Илија Франгов градоначалникот на Гевгелија, кој даде поддршка на оваа манифестација.

Вардарската регата Гемиџии почна на 1 јули од под мостот Гемиџии во Велес. Шеесетината учесници  со шест гумени чамци неколку кајаци и дрвен сплав Гемија низводно по Вардар  поминаа 110 километри со три ноќевања во Стоби, Демир Капија и Марвинци.

- Целата регата помина  беа никакви проблеми со мал инциден пред целта, иако теренот баш на тоа место неколку пати го проверувавме,  но сепак среќно заврши, изјави Зоран Ѓуров координатор и организатор  на регатата  од Сојузот на спортови на Велес, а под покровителство на Општина Велес.

Вардарската регата е 11 по ред, првата се одржа во 1984 година. Оваа е по пауза од  17 години, а како и сите досегашни е  во чест е на славните Гемиџии или Солунски атентатори  од 1903 година. Организаторите имаа желба  Вардарската регата  Гемиџии догодина да плови по Вардар се до Солун, до  влевањето на Вардар во Егејско Море.

{gallery}Vardarska-regata-Gemidzii{/gallery}